Б И Л Т Е Н   Б р .  2

# 41

# МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ
# “ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ”
# П Р И Л Е П

0 6 . 0 6 . 2 0 0 6

# ЉУБОВ ИЛИ ПАРИ ??!!

Има ли апатија во македонскиот театар?
ИМА. Велат режисери, актери, менаџери. Уметничкиот директор уште современе се изјасни: се чувствува тоа од понудата. Режисерите тоа го чувствуваат кај актерите, а тие во секојдневието. А каде да се побара коренот, да се пеплоса тој коров за да не ја труе уметноста? Ако некој мисли дека е во парите што така ситно се ронат од Министерството, таму ќе ви речат дека сте на погрешна трага. Не е точно. Не било во парите, вели министерот. Поентата е во љубовта. И во ентузијазмот кон театарот. А парите? Па, тоа е релативна работа. Може да ги има и повеќе, а богами и помалку. Ништо не е исклучено!

И, што сме запнале во парите! Теоретичарите нека ја расчистуваат дилемата за тоа што ни недостига во театарот за да му го вратиме сјајот: парите, или љубовта и ентузијазмот!?

А публиката, верувале или не, дава пари и не прашува. За чудо невидено, ги полни салите, сака да види театар. Да види уметност, да им се нарадува на актерските и режисерските креации, на сценските решенија. Да подари апалузи (а не ги штеди верувајте) или да ги сочува, со тоа упатувајќи јасна порака, со азно недоброена, што им се допаѓа, а што треба да се преиспита. И феномен е таа публика, рекоа фестивалџиите. Незабележан на другите простори - со толкава љубов за театарот.

А што ли ќе беше да имаше и пари?



## ЛЕНЧЕ ДЕЛОВА - добитник на награда за животно дело



Морам да признаам дека сум возбудена што ја добивам оваа награда за животно дело, затоа што мислев дека сум заборавена. Очигледно е дека не ме заборавиле, дека ми оддале едно големо признание. Им благодарам на Советот на фестивалот и на сите кои ме поддржуваат.

Јас го ценам и го сакам овој фестивал. Не знам колку пати сум учествувала и веќе имам една награда, но оваа за животно дело е круна на сето тоа.

А, дали во мојата актерска игра преовладува еден сензибилитет?...

Па, веројатно тоа сум јас. Многу играв улоги за деца, на телевизија и во театар и сите ми се драги. Не можам да одвојам посебно некоја улога. Тие сите ми се како деца.
Младите генерации актери се извонредни. Имаме многу талентирани млади актери и не треба да се плашат тоа во целост да го покажат пред публиката.

•••••••••••••••••••••••••••••••••

## ИСТРАЖУВАЊА

Ице Зерде
првиот македонски актер




На едно место Коле Чашуле ќе забележи:
"Ице Зерде беше човек сонувач. Сонуваше да стане актер иако потекнуваше од богато трговско семејство, тој милуваше наместо по пазарите да талка по училиштата по Белград и Загреб". Мечтаеше Холивуд да го донесе на Балканот и вложуваше огромни пари во првиот игран филм "Ние двајца" што во 1927 година се снимаше во Загреб, забележува Илија Милчин и додава дека филмот година потоа е емитуван во Зердевото кино во Битола. Како што вели Милчин, Ице Зерде со право може да го носи епитетот прв филмски актер од Македонија. Го споредуваат во тоа време со големиот филмски маг Џејмс Кегни. Тој се труди да наликува на него. Ги следи неговите филмови, сонува да биди подобар и во тој свој сон го истрошува целото семејно наследство. Прилеп ќе рече Ице Зерде потроши толку колку што прилепчани со лајци не можеа да исркаат злато за десет години. Умре во Загреб на 1 Мај 1970 година.



Народен театар
"Војдан Чернодрински"
Прилеп

**РОБЕРТО ЗУКО**
Бернар-Мари Колтес

Режија: Кирил Петрески
Сценограф: Владо Ѓоревски
Костимограф: Благој Мицевски
Музика: Маријан Неќак

Актери: Зоран Иваноски, Марија Спиркоска, Винета Дамческа, Јасмина Мицовска, Димитар Ѓорѓиевски, Владимир Ѓорѓијоски, Ивица Димитријевиќ, Андријана Бошкоска, Катерина Чакмакоска, Никола Настоски, Александар Степанулески.

**Актерите за претставата:**

ЗОРАН ИВАНОСКИ, актер - Голем предизвик е да се креира ликот Роберто Зуко особено што јас сум сé уште студент на трета година на ФДУ. Текстовите на Бернар-Мари Колтес се премногу тешки особено за режисерите. Ликот не е едноставен, многу е комплексен. Не можеш да се врзеш за него бидејќи е сепак "убиец" и од друг аспект треба да се гледа на ваквите ликови. Со режисерот Кирил Петрески најдовме заеднички јазик за ликот и мислам дека направивме многу добра работа. Јас сум задоволен.
ЈАСМИНА МИЦОВСКА, актер - Соработката со режисерот беше добра, а и екипата е супер. Сите сме млади, имаше убава енергија, се разбиравме многу добро. Во претставата јас сум постарата сестра на малечката која ја губи невиноста, а јас сум сé уште девица која копнее по маж, но никогаш нема да има маж. Никогаш нема да го почувствува она чувство на љубов што би можел некој да и го овозможи. Ова беше малку тежок процес во однос на градбата на улогата, но мислам дека беше впечатливо на крајот.
НИКОЛА НАСТОСКИ, актер - Предизвик е да се игра во професионална претстава на театарскиот фестивал "Војдан Чернодрински" бидејќи сé уште сум аматер. Учеството на фестивалот е навистина големо искуство. Се надевам дека и во иднина ќе имам вакви искуства, но како професионален актер.
ВИНЕТА ДАМЧЕСКА, актер - Јас ја играм Малечката. Уште прв пат кога го прочитав текстот јас бев многу радосна и се надевав дека јас ќе ја играм токму таа улога. Режисерот имаше доверба и ми ја додели. Улогата е искрена, лесна за играње и мислам дека ми лежи. Беше супер!
АЛЕКСАНДАР СТЕПАНУЛЕСКИ, актер - Ние аматерите во претставата играме помали улоги или едноставно улоги кои требаше да пополнат дејство во претставата и да залепат. Меѓутоа сме многу задоволни, пред сé од самиот процес на работа. Ликот на Началникот кој го играм ми се допадна од самиот почеток и тој лик дава можност да се внесе во претставата еден шарм кој што делува како пресвртница во самата претстава.

**Публиката за претставата:**

- Претставата ми се бендиса. Мислам дека е голем успех на прилепскиот театар. Особено што сите актери се млади.
- Ова беше нешто несекојдневно. Ме воодушевија младите актери, целата претстава. Беше супер.
- Многу убава, прекрасна претстава. Добра игра, сценографија, светло, одлична урбана приказна.
- Добра актерска игра. Сé уште сум со субјективни впечатоци зашто дел од актерите беа мои ученици во гимназијата. Среќен сум што првпат ги гледам во ваква екипа и мислам тоа е иднината на прилепскиот театар.

ОДБЛИСКУ СО... КИРИЛ ПЕТРЕСКИ, режисер

· ***Колку беше предизвик да се режира претставата Роберто Зуко?***

ПЕТРЕСКИ: Беше предизвик да се режира "Роберто Зуко" зошто е тоа голем и тежок текст со многу стапици. Сум гледал неколку претстави "Роберто Зуко" и сакав да направам претстава која ќе биде поинаква. Водилка ми беше самиот лик на Роберто Зуко, лик на еден индивидуалец против општеството. Предизвик беше сета таа агресивност која ја има во текстот, сите тие убиства кои се случуваат да ги прикажеме не толку крвави, туку на еден театарски начин со знаци, симболи. Не се слушна ниту еден истрел од пиштол за сето време на претставата.

· ***Актерскиот тим во претставата е многу млад? Полесно ли е да се работи со младите?***

ПЕТРЕСКИ: Сум работел и со постари актери, но некако задоволство од работа со помладите е поголемо. Се рабираме подобро и она што јас сакам да го направат, тие полесно го сработуваат.

· ***Млад си по години, млад си по број на режии. Има ли место за младите режисери во македонскиот театар?***

ПЕТРЕСКИ: Досега сум немал проблем да добијам доверба од директорот на театарот во Прилеп.

· ***Твоето мислење за театарскот фестивал?***

ПЕТРЕСКИ: Го следам театарскиот фестивал уште како средношколец односно дваесеттина години. Фестивалот е сé потажен, нема дружба. Јас сум затекнал фестивали со дружба и нема таква фестивалска атмосфера. Верувам дека е одбрано најдоброто од продукцијата во моментов. Овој фестивал е институција, "mainstream" на македонскиот театар, а некој друг фестивал треба да понуди нешто алтернативно.

· ***Кратка оценка за македонскиот театар во моментов?***

ПЕТРЕСКИ: Театарот е скапа уметност. Театар без пари не бидува. Потребно е вработување на млади кадри и техничко опремување на театрите.

Народен театар - Битола



**ХАМЛЕТ ЗА ПОЧЕТНИЦИ**
Според Вилијам Шекспир

Режија и сценска верзија:
Деан Дамјановски
Дизајн:
Филип Јовановски
Избор на музика:
Христо Бојаџиев

Актери: Огнен Дранговски, Иван Јерчиќ, Габриела Петрушевска, Мартин Мирчевски, Илина Чоревска, Никола Пројчевски, Јулијана Мирчевска, Васко Мавровски

**Актерите за претставата:**

ИЛИНА ЧОРЕВСКА, актер - Начинот на кој ја работевме претставата беше многу интересен. Почнавме од нула и стигнавме до претстава која трае едн час и 8 минути. Секогаш ја играме толку. Мислам дека претставата делува доста впечатливо, а судот го оставам на публиката.

**Публиката за претставата:**

- Добра претстава, кратко и јасно кажано!
- Интересна претстава со современо видување на општественото и политичко живеење со перформансите на шекспировиот Хамлет.
- Претставата ми се допадна. Интересна, но сметам дека не може секој да ја разбере ако не го знае текстот.
- Генерално ми се допадна претставата.
- Сепак нешто ново да се види. Вреди да се гледа претставата, но и да се прочита Хамлет.

ОДБЛИСКУ СО..... ДЕАН ДАМЈАНОВСКИ, режисер

· ***Кој беше предизвикот да го поставите ХАМЛЕТ на сцената?***

ДАМЈАНОВСКИ: Хамлет е една од големите теми врз коишто се потпира западната драматургија. Како таков е познат на сите, особено по репликата "Да се биде или не?". Зошто Хамлет? Прво затоа што постојат редици книги кои постојат за него. Сакавме да направиме преглед, едно упростување на приказната за Хамлет и да ја доближиме до современиот сенс, односно до некакво доближување на импулсот на новите генерации кои не се занимаваат со содржини или елементи,туку гледаат нешто друго што ги пленува.

· ***А зошто Битолски театар го одбравте за оваа поставка на ХАМЛЕТ?***

ДАМЈАНОВСКИ: Затоа што со него соработувам повеќе пати. Па тоа е речиси мој матичен театар. И затоа што театарот има извонредна екипа на млади актери, на кои допрва им претстои вистинско место на нашето театарско небо.

· ***Кој е следниот предизвик?***

ДАМЈАНОВСКИ: Во моментов го работам ДОН ЖУАН, во Велешки театар, кој премиерно треба да биде изведен на 17 јуни. Ете тоа е мојот следен предизвик!

ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА:
**Стапица за храбрите: новата генерација македонски режисери меѓу естетиката и политиката**

ИВАН ДОДОВСКИ, модератор

Во Македонија во последниве години се појави нова генерација режисери, елитно школувани кај нас и надвор од државата кои поставија неколку значајни претстави и се наметнаа со еден обид да воспостават нова, своја поетика во македонскиот културен простор. Во таа смисла имавме желба да поразговараме со сите нив, за нивните преокупации, и естетички и идеолошки, во време кога македонското општество се соочува со предизвиците кои се глобални: прашањата и проблемите на 21-от век и во геополитичка смисла и во смисла на истражувањето на театарските поетики на крајот на 20-век, кога е прогласена смртта на авторот или крајот на историјата. Оваа панел дискусија покажува дека македонските театарски режисери не можат да се ставаат во една одредница, не можат да се направат генерализации, но факт е дека најголем дел од нив ги следат трендовите на глобалните театарски размисли, што значи дека не се занимаваат со големите историски нарации, ами со прашањата на интимноста, на истражувањето на театарските форми и проблематизирањето на кризата на идентитетот на поединецот во глобалното општество.

**Акценти од дискусијата:**



МАРТИН КОЧОВСКИ, режисер - Многу ми пречи тоа дека нема покана и се зависи од мене и мојата ангажираност за наоѓање простор за работа во театрите. Од постарата генерација има малку смели луѓе кои се отвораат и му даваат шанса на некој поразличен. (...) Сé научив од работење. Ни професорите, ни системот на работа не бил пресуден. Се барам цело време самиот себе преку работа.
ДЕЈАН ДАМЈАНОВСКИ, режисер - Јас завршив на еден многу неконвенционален факултет - Нов бугарски универзитет, театарски факултет во Бугарија. Таму моето театарско образование беше насочено на изведувачката практика на театарот за сметка на драмската. (...) Она што го научив е дека не постојат модели кои можат да бидат апсолутно применети на друго место. Ако мојот критериум за правење театар е еден, а доаѓаш во друга средина, или влегуваш во сериозен конфликт, или двата системи - модели се навикнуваат еден на друг. И мојот модел и мојот систем веќе почнал да поприма од таа друга клетка, од тој друг систем.
КИРИЛ ПЕТРЕСКИ, режисер - претставата "М.М.Е кој прв почна?" ја работев со седум млади луѓе во невозможни услови во прилепскиот театар на минус 15 степени. Актерите си носеа огрев од дома.
СОФИЈА РИСТЕВСКА, режисер - Јас струдирав на најкласичната, најтипичната образовна институција за театар и филм. Бев кај најдобриот професор Красимир Спасов, но и најголемиот педагог - тиранин. Тој нé научи на занает, на технолошка обработка на една театарска претстава. Дали секој од нас ќе ја пронајде естетичката гледна точка зависи од патување на фестивали, од гледање други претстави. Идеите не се измислуват, идеите се добиваат преку контакти, преку гледање на туѓото.
КИРИЛ ПЕТРЕСКИ, режисер - Крадев и гледав на факултет и никој не ми кажа како треба да се режира или да се постави еден драмски текст...
ЗОЈА БУЗАЛКОВСКА, режисер - Што се однесува до актерите, прашањето е сложено и започнува од најбанални показатели, како поместување на почетокот на пробите, доцнење на проби, физичка неподготвеност, навика да не се пробува повеќе од три часа, со еден збор немање на работна дисциплина. Можеби е најсуштинска неподготвеноста докрај да се поверува во еден поинаков театар и да се влезе во проект со подготвеност да се направи се во име на концептот. Големо прашање е зошто актерите кои со невиден ентузијазам влегуваат во театрите, многу бргу стануваат дел од општиот амбиент, а ние ги губиме. Секоја чест на исклучоците, се разбира.



# РАБОТИЛНИЦА: ЛУТЕТЕ СЕ - РЕШЕТАСТО ЌОШЕ





**ПЛАТНАР**

Ене кај виј - ечи од Горна, до Долна земја
Пес забест- негде се заби
Со заб гранитот мариовски го троши
"Песја пена" му избива од челуста.
Чиниш универзумот барабани,
баботи, распнатата кожа.
Галоп ли е тоа или тоа грабодина
Шарца Пеливана -или можеби
Букефал пронижан чини обид за последен чекор
со тропоштното копито сонцето да го стигне,
подалеку одовде да биде
јавачот до сонцето побрзо да стигне.
Подалеку од овој сновеж на фарисеи и фанариоти да биде.
Лекоумните бараат на "Арсение" поново да му се суди, на Спирета Црне,
на Силјана што сакаше да лета.
О, време-
О, "Шашардисано време"
погледот ми го мати,
опулот ми го зема...
Еј! Што е она што таму блескаво сјае
окото на Климент, на Наум
можеби е сјајот на јаболкото златно
она што Трескавец го грее,
посакува "Ледната урна" да ја стопи.

**ПОКАНА**

Таман посакавме да повикаме: еурека, ерурека, еурека... Ене еден драмски автор во ликот и делото на Братислав Димитровски, се покажа дека тој бил драмски автор туку официјален претставник на годинешното жири. Тоа преведено на наш јазик значи дека драмски писатели нема. Покомпетентните од фестивалот велат дека нив ќе ги има. Да даде Господ да допатуваат во Прилеп и да присуствуваат на прилепската драма “Вработување на 28 илјади евидентирани невработени плус дванаесет илјади тутунопроизводители”.

**ПРИЛЕПСКА**

Прилеп е гоптопримлив град, град со добри луѓе, луѓе со широки души, кои имаат храброст да изјават дека врз своите плеќи ги превземаат трошоците доколку во Прилеп допатува госпоѓицата Шекеринска, ако не на фестивал, барем да ги види што прават. Можеби имаат право. Луѓето ја канат како гостин, не како кадар на СДСМ или како носител на листата во Четворката, бидејќи си ја сметаат, за своја. Таа со своето прилепско потекло има обврска да го убеди другар си Бучковски да започне со исплатата на премијата за тутунот од оваа година.

## ОД ПОЕТСКОТО ТВОРЕШТВО НА ШЕКСПИР ОД МАРИОВО

Клучот на излезот
Тој одамна го има,
но си чеша глава:
- Што му вреди тоа
кога нема брава!

**АРТИСТ**

Насобра еден куп
договори,ветувања-
пријатели стари
му велеа постојано:
-Времето е пари -времето е пари!
Глуп!
Не најде човек што ним ќе му ги дари!

**ИЛИНДЕНСКИ ТИТАНИК**

Дури сега воопшто не ми е јасно дали тоа во 1912 година потона бродот Титаник или Тито во 90-та пропадна на Блаканот. Да беше тука господинот Бојчев ќе го прашавме лично, но тука беше Лилија Баџиева која не успеавме да ја прашавме за, тоа бидејќи си заминала во Битола. Рекоа имала работна обврска да ја режира претставата "Исплата на парите од житото на земјоделците" во изведба на групата "Пудеровци". Оваа претстава се очекува да ја финансира новата Влада на Македонија по изборите.

# КОПРИВАРНИК



# И ТОА Е ЗДРАВО

## ФЕСТИВАЛСКИ (Н) АФОРИЗМИ

***СОЗНАНИЕ***

Ако сакате театар и фестивали, браќа мои-одврзете ги џебовите-зошто потреби ви се пари, пари и само пари!

***АКТЕРСКА МИСЛА***

Уметноста ,тие е танка и осетлива работа  устеше чичко Рампо Конески-и потоа си замина!

***ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ***

Аплаудирањето по претставите не смее да ги загуши гласовите на критичарите!.

***СУДБИНА***

Кој им е крив на актерите што завршија факултет со кого за мали пари, осудени се постојано да сркаат  туѓи попари!

## МИСЛА НА БИЛТЕНОТ

*Не подавајте и никогаш в рака ниту прст на Талија - таа веднаш ќе ви побара бурма!*

## ШПИЦ - БЛИЦ

Таман решија театарските работници да проговорат на затворена седница за комуникацијата меѓу драматург - режисер во Крушево се расипа времето. Студеше толку многу што присутните од Ѓунер Исмаил побараа да им купи шалчиња и капи за да се вратат во Прилеп. За тоа време во Прилеп, прилепчани бараа костени.

**НОЌНА ПОТРАГА**

Ноќ, темна, внржлива, морничаво-ладна. По улиците на Прилеп едно дете сомнително се движи. Прави внимателни чекори, нешто бара. Им стапна на жул на чуварите на редот. Го следат. Детето сигурно ќе постави бомба, се разбраа меѓу себе. Утре сите весници ќе трубат - пак бомба во Прилеп, пак бомба во Прилеп, пак и баб Цанго ќе ги казни со 10% чуварите на мирот. Плус, си плукнаа во рацете и го фатија детето. Тоа завалијата се најде во небрано и едвам  им објасни на чуварите дека газдата на бифето од Домот го пратил да пронајде сендвиќ за гладниот Мето Јовановски. Му се јадело.

Билтенот не разбра сеуште дали сендвиќот беше пронајден, но разбра дека откако газдата го идентификува детето, тоа од свој  џеб си ја плати пијачката што ја испијаа чуварите на редот и мирот во оваа јунска врнежлива ноќ. Истрагата е прекината.



**НЕКОГАШ И СЕГА**

Посветена на
Нада Гешоска и
Александар Алексиев

Некогаш уживав да
гледам слики
Врамени слики -
Слики без рамки . . .
Сега - уживам да гледам
луѓе -
Луѓе врамени во своите
дела,
Луѓе како Нада
Ацо како што е
И сега - и сега:
Сега кога ги нема!
Та нели од самата
помисла на нив
некоја љубов не грее, не
тера, не гони.
Исправени и
горди, со смеа да
минеме низ деветте
круга на Данте,
Бодри, секогаш
подготвени на љубов -
Да љубиме и да не
љубат . . .






НТ Куманово

**ОРКЕСТАР ТИТАНИК**
Христо Бојчев

Режија: Љубиша Георгиевски
Асис. на режија: Роберт Симоновски
Сценографија: Љубиша Јовановски
Костимографија: Мери Јовановска
Избор на музика: Љубиша Георгиевски

Актери: Драган Спасов, Горан Илиќ, Александра Пешевска, Драгиша Димитријевски, Гораст Цветковски

**Актерите за претставата:**

ДРАГИША ДИМИТРИЈЕВСКИ, актер - Огромен предизвик е да се гради улога во ОРКЕСТАР ТИТАНИК, затоа што се работеше во одлична екипа, во одлична атмосфера и со професорот Љубиша Георгиевски.

ГОРАН ИЛИЌ, актер - Прво имавме дилеми дали да го работиме текстот бидејќи веќе се работеше во македонските театри. Немавме намера да им конкурираме ниту на прилепскиот театар ниту на МНТ. Минатата година се договоривме со авторот Х. Бојчев и ни се виде многу интересен па решивме да го поставиме на сцена. И на режисерот Георгиевски му се допадна текстот и влеговме во авантурата Титаник.
За градење на ликот морав да извадам една комична линија, бидејќи тој како што е напишан е суров човек, фрлен на отпад и носи помали димензии од она јас како го градев. Текстот на Бојчев наликува на некои апсурдни драми, на Бекет. Има и свои недостатоци, но со играта и со режијата обликувавме едно добро театарско видување. И мислам дека сите се задоволни од тоа.

ГОРАСТ ЦВЕТКОСКИ, актер - Оваа претстава ми е првенче. Имав среќа да работам со еден од најдобрите режисери и на одличен текст, работев со фенеоменални актери и имав среќа да дебитирам на фестивалот "Војдан Чернодрински". Така што, пред предизвикот "Бојчев" мене ми е предизвик театарот.

ЉУБИША ГЕОРГИЕВСКИ, режисер - Бојчев секогаш е голем предизвик. Посебно со оваа пиеса која е толку добра и прецизна парадигма на нашата ситуација што просто зачудува. Тоа е драматизација на македонската политичка ситуација.

АЛЕКСАНДРА ПЕШЕВСКА, актер - Не ми е само мене предизвик да го изграм Бојчев. Тој е предизвик за многу актери. Тој е одличен современ европски автор кој го режираат речиси во цела Европа. За мене посебно возбудлива беше соработката со режисерот. Можеби е привилегија да се игра единствен женски лик меѓу четири машки лика. Одлично соработувавме и создадовме мошне добар продукт.

ДРАГАН СПАСОВ, актер - Овој текст е фантастичен. Не сум ги гледал другите постановки, но сметам дека оваа е повеќе од добра претстава. Публиката реагираше и многу сум среќен за тоа.

**Публиката за претставата:**

- Претставата е супер, извонредна. И глумата и костимите. Ја гледав изведбата на прилепскиот театар на ОРКЕСТАР ТИТАНИК и ќе речам дека оваа на кумановскиот е подобра.
- Претставата е интересна. За наши услови во Прилеп е интересна.
- Приказната беше одлична и актерите исто така.
- Ми се бендиса претставата. И мило ми е што гостите од Словачка, што се во посета на Локалната самоуправа ги донесовме да ја гледаат претставата, да ја почувствуваат фестивалската атмосфера.

ЛИЧЕН СТАВ

ДРАГАН СПАСОВ - ДАЦ, актер - Откако сум актер речиси секогаш сум на фестивалот. Публиката го сака овој фестивал и целосно им е наклонета на актерите, на фестивалот на сите случувања. Но би рекол една работа. Многу ми е жал што повеќе не се дружи целата фела: актерите, режисерите, сценографите... Треба да бидеме сите денови заедно, на исто место. Да бидеме заедно, а не некои мои колеги да ги гледам првпат по една година. Ако е фестивал на театарот, најголем во Македонија, тогаш треба сите буквално, постојано да се дружиме. Сакам да ги гледам сите претстави, а не по одигрувањето на мојата претстава да се спакувам и да си заминам. Значи, додека е фестивалот, сите театри да престанат да работат со работа, зашто се работи во Прилеп.

И еве една идеја на која се сетив: За тие 7 дена додека сме тука да се направи една заедничка претстава од сите нас од театрите и таа претстава да го затвори фестивалот, да биде во чест на наградените.





Турски театар - Скопје

**ТАРТИФ**
Жан Батист Молиер

Режија: Дејан Пројковски
Кореограф: Кренаре Невзати-Кери
Сценографија: Владо Ѓоревски
Костимографија: Благој Мицевски
Музика: Горан Трајкоски

Актери: Мустафа Јашар, Бедија Беговска, Џенап Самет, Филиз Ахмет, Селпин Керим, Тамер Ибрахим, Елјеса Касо, Несрин Таир.

**Актерите за претставата:**

БЕДИЈА БЕГОВСКА, актер - Втор пат соработувам со Дејан Пројковски. Секогаш кога треба да соработувам со него се радувам, зашто работи онака како што јас милувам да работам во театарот. Секогаш бара нови изразни средства. Сé' уште имаме можности да бараме нови начини за театарско изразување и преку ликот и преку се она што го кажуваме на сцена. Претставата не е работена по клише, по шема, туку беше интересна работа. Среќна сум што играм во претставата.

МУСТАФА ЈАШАР, актер - Со Дејан како режисер не работев првпат. Претходно го работевме спектаклот "Гилгамеш". Дејан иако е млад е предодреден да работи спектакли. Со овој "Тартиф" на овој начин поставен, во постмодерен стил, ние како актери се потрудивме да им дадеме живост на неговите идеи. Се надевам дека успеавме во тоа. Впрочем тоа се виде и од реакцијата на публиката. Имаме извонредна претстава, која можеме да ја прикажеме и надвор од Македонија. Многу сум задоволен од реакцијата на публиката. Секогаш кога доаѓаме во Прилеп наидуваме на добар прием. Прилепската публика нé сака и ние ја сакаме. Затоа се трудиме да дојдеме тука со наша најдобра претстава. Љубовта е обострана!

ЕЛЈЕСА КАСО, актер - Ова не ни е прва соработка со Дејан и се надевам дека ќе продолжиме понатаму. Како млад режисер има разбирање за ансамблот. Во "Тартиф" многу истражувавме, разговаравме како да ја поставиме претставата. Се договоривме зошто сакавме да го поставиме "Тартиф" оти според текстот Тартиф е претставник на лицемерието. Јас тоа така не го доживувам. Се обидовме со претставата да прикажеме како функционира лицемерието денес во реалноста што нé опкружува. Проблемот не е во Тартиф туку околу него. Мислам дека успеавме на публиката да ѝ пренесеме дека не е работата во синонимот што се вика Тартиф туку околината, системот, тлото каде што тој може да егзистира.

**Публиката за претставата:**

- Претставата беше супер! Единствен проблем беше тоа што не го разбирам јазикот, но го знам текстот па се снајдов. Интересна претстава во секој случај!
- Добра претстава!
- Малку смешна претстава!

Затворена дискусија на тема:

**Комуникација драматург - режисер - менаџер на институционален театар и драмски писател - режисер - менаџер на институционален театар**

Веригата драматург / драмски писател - театарски режисер - институционален театар во рамките на театарот во Македонија се покажува дека е вон функција, т.е. комуникацијата или е прекината или воопшто не постои. Доволно е статистички да се погледне колку праизведби на домашни текстови се случуваат во годината на ниво на Македонија, или пак да се погледне колку драматурзи реално работат на проектите во институционалните театри како драматург на проект. И, како трето - колку од драматурзите, институционално вработени како драматург во театар се професионални драматурзи, со диплома (според моите сознанија ниту еден) и како тоа истите ја градат сликата за позицијата ДРАМАТУРГ на македонската театарска сцена.

Смислата на оваа дискусија е да се пронајдат пречките во комуникацијата и полека низ разговор да се допре до длабоките и вистински причини за отсуството на кариката драмски писател / драматург на сцената.

(Загорка Поп Антоска, драмски писател)

* * *

Во рамките на дискусијата се одржа и читање на исечоци на драмските текстови на младите драмски автори, иницијатори на оваа средба: Билјана Дураковска, Загорка Поп Антоска, Весна Куслеска, Елена Стојанова, Ана Ристоска, Катерина Момева, Ева Камчевска и Иво Петровски.

## В Н И М А Н И Е !

**Претставата КУПИДОНА на Драмски театар - Скопје, закажана за ден среда, 7 јуни, ќе се одигра на матичната сцена т.е. во Драмски театар - Скопје поради оправдани технички причини. Фестивалот ги направи сите напори да ги обезбеди неопходните технички услови, но имајќи ги предвид специфичните потреби на претставата (се работи за музички перформанс - панк-опера), со цел да не се наруши квалитетот и уметничкиот впечаток на претставата, фестивалот донесе одлука таа сепак да се одигра на матичната сцена во Скопје. За претставата е обезбеден бесплатен автобуски превоз и влезници. Сите оние кои сакаат да ја гледаат претставата треба да се пријават на билетарницата на Домот на културата и сосебе да понесат лична карта при подигањето на влезниците. Резервациите се вршат најкасно до 7 јуни од 6 до 12 часот. Тргнувањето е во среда во 17.30 часот од пред Домот на култура. Враќањето е веднаш по одржувањето на претставата. Бројот е ограничен.**

***Гледавте:***

Народен театар"Војдан Чернодрински"
РОБЕРТО ЗУКО
Бернар-МариКолтес
режија: Кирил Петрески

Народен театар - Битола
ХАМЛЕТ ЗА ПОЧЕТНИЦИ
според Вилјам Шекспир
режија: Деан Дамјановски

Народен театар - Куманово
ОРКЕСТАР ТИТАНИК
Христо Бојчев
режија: Љубиша Георгиевски

Турски театар - Скопје
ТАРТИФ
Жан Батист Молиер
режија: Дејан Пројковски

***Ќе гледате:***

**Вторник, 6 јуни**

20.00 ч. / Диско клуб Медуза
Продукција"ОДА" - Тетово
ЕМИГРАНТИ
Славомир Мрожек
режија: Софија Ристевска

22.00 ч. / Дом на културата "Марко Цепенков"
Градски театар - Охрид
ФАРСА ЗА ХРАБРИОТ НАУМЕ
Русомир Богдановски
режија: Благојче Божиновски

24.00 ч. / Народен театар "Војдан Чернодрински"
Колоквиум на III година во класа на проф. Владо Цветановски и асс. Мими Таневска
СЛУЧАЈОТ П.

**Среда,7 јуни**

20.00 ч. / Фоаје, Дом на култура
НТ - Битола, Турски театар - Скопје, Labaratorio Nove - Фиренца
ТИМОН ОД АТИНА
Вилјам Шекспир
режија и адаптација: Бранко Брезовец

20.00 ч. / Драмски театар-Скопје
КУПИДОНА
Срѓан Јанаќиевиќ
режија: Срѓан Јанаќиевиќ

**Придружни манифестации**

Среда, 7 јуни, 11.00 ч. Хотел Монтана-Крушево
Панел дискусија: Македонскиот театар денес - дистопија или место на отпор?
модератор: Иван Додовски

Четврток, 8 јуни, 11.00 ч., сцена 105 "Марко Цепенков"
"Ненад Стојановски - споменар", промоција на монографија
Зоја Бузалковска, Александра Бошковска, Викторија Рангелова

Билтен на 41 МТФ „Војдан Чернодрински” - Прилеп
За издавачот: Кирил Ристоски
Уредник: Александра Бошковска
Новинари: Слободан Рошкоски, Елизабета Митреска, Каролина Мицевска и Светлана Ристеска
Фотографии: Милан Темелкоски, Светлана Ристеска и од архивите на театрите.
Печати: „Тирекс” - Прилеп
Прилеп, 06.06.2006

Македонски театарски фестивал
„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” - ПРИЛЕП
Дом на култура „Марко Цепенков”
7500 Прилеп
тел: (048) 40 16 30 или 42 55 20
факс (048) 40 16 31
e mail: mtf_vc@mt.net.mk
www.mtf.com.mk

# *ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ*

## 41 МАКЕДОНСКИ ТЕАТАРСКИ ФЕСТИВАЛ „ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ” – ПРИЛЕП

ЛИЧНА КАРТА НА ФЕСТИВАЛОТ:

**Собрание на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Стојан Дамчески, Љупчо Ѓорѓиевски, Адем Карага, Трајче Кацаров, Атила Клинче, Младен Крстевски, Ванчо Мелев, Љупчо Петрушевски, Силвија Стојановска, Љубомир Чадиковски

**Извршен одбор на МТФ:**
Кирил Ристоски, претседател
Силвија Стојановска, член
Атила Клинче, член
Љупчо Ѓорѓиевски, член
Трајче Кацаров, член

**Секретар на МТФ:** Стојан Дамчески
**Технички Секретар:** Љупчо Тодоровски
**Уредник на билтен:** Александра Бошковска

**Уметнички директор:** Ѓунер Исмаил

**Жири:**
Искра Гешоска, теоретичар на уметност
Братислав Димитров, драмски писател
Мето Јовановски, актер
Тодор Кузманов, театарски критичар
Иван Поповски, режисер

**Жири за off програма:**
Младен Крстевски, актер
Зоја Бузалковска, режисер
Маја Мицевска, драмски писател